## 3.3. Надворешен долг[12]

*Во март 2003 година, надворешниот долг на Република Македонија забележа намалување на месечна основа*

Надворешниот долг на Република Македонија по среднорочни и долгорочни кредити во март 2003 година забележа месечно намалување од 12,5 милиони САД долари и на 31.03.2003 година изнесуваше 1.539,5 милиони САД долари. Во насока на намалување делуваа поголемите отплати во однос на повлечените средства во текот на март и негативните курсни разлики.

Графикон 28
Надворешен долг на Република Македонија
(во милиони САД долари)




*Новите задолжувања бележат намалување на месечна основа...*

Во текот на март 2003 година, повлечени се 4,0 милиони САД долари, наспроти 5,7 милиони САД долари во февруари 2003 година. Поголемиот дел од користените средства потекнуваат од кредити одобрени од официјалните кредитори (2,4 милиони САД долари) и тоа во целост од мултилатералните кредитори. Од приватните кредитори е повлечен износ од 1,6 милиони САД долари (во најголем дел од странски претпријатија).

*...во услови на повисоки отплати*

Отплатата на обврските кон странство по користени долгорочни кредити во март 2003 година изнесува 18,6 милиони САД долари (12,4 милиони САД долари во февруари 2003 година). Врз основа на главница се платени 14,7 милиони САД долари, а 3,9 милиони САД долари како камата. Набљудувано по поединечни кредитори, 10,9 милиони САД долари се платени обврски кон официјалните кредитори. Од вкупниот износ на платени обврски, 7,7 милиони САД долари се средства отплатени кон приватните кредитори, главно банки и финансиски институции.

Во првиот квартал од 2003 година, вкупниот износ на платени обврски кон странските кредитори (65,7 милиони САД долари) го надминува износот на користени кредити (15,1 милион САД долари). Во истиот анализиран период вкупниот износ на новосклучени кредити изнесува 8,9 милиони САД долари. Во јануари 2003 година склучен е кредит од 5,6 милиони САД долари од Меѓународното Здружение за развој (IDA) и 1,9 милиони САД долари склучени кредити со приватни претпријатија од странство. Во февруари нема новосклучени кредити, а во март тие во целост (1,4 милиони САД долари) потекнуваат од приватните кредитори.

---

[12] Претходни податоци на НБРМ. Податоците се однесуваат на долгот на Република Македонија кон странство врз основа на користени среднорочни и долгорочни кредити.